Финансирано од
Европска Унија

Институт за човекови права



ИЗВЕШТАЈ

# СОСТОЈБАТА НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# СОСТОЈБАТА НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Извештај на Институтот за човекови права

Издавач:
Институт за човекови права

За издавачот:
Маргарита Цаца Николовска

Скопје, 2023

Оваа публикација е изработена со финансиска поддршка од Европската Унија. Содржината на публикацијата е единствена одговорност на Институтот за човекови права и нужно не го одразува официјалното гледиште на Европската Унија.

# СОДРЖИНА


ВОВЕД ..... 3

**1. АДМИНИСТРАТИВНА ПРАВДА ..... 4**

Програма за бесплатна правна помош на Институтот за човекови права ..... 7

**2. ЕДНАКВОСТ И НЕДИСКРИМИНАЦИЈА ..... 9**

**3. ПРАВА НА СПЕЦИФИЧНИ ГРУПИ ..... 11**

Жени ..... 12

Лица со попреченост ..... 13

Роми ..... 14

ЛГБТИ ..... 16

ЕСЧП - Случај „ Д.Х. и други“ ..... 17

**4. ПРАВО НА ЗДРАВА ЖИВОТНА СРЕДИНА ..... 18**

# ВОВЕД

Овој извештај накратко ја презентира состојбата со човековите права во Република Северна Македонија низ призмата од клучните области во кои работи Институтот за човекови права. Извештајов има за цел да ги утврди важните настани и аспекти на (не)почитувањето на човековите права во нашава земја, кои ја одбележаа 2023 година.

Извештајов се фокусира на неколку области и тоа - на пристапот до правда – со посебен фокус на пристапот до административната правда на маргинализираните групи и бесплатната правна помош, еднаквоста и недискриминацијата, како и на човековите права на специфичните групи, како жени, лица со попреченост, Роми итн. Извештајов дава и краток преглед на пресудите од Европскиот суд за човекови права, кои беа донесени во 2023 година против Република Северна Македонија. На крај извештајов содржи и посебен дел за правото на здрава животна средина.

# 1 АДМИНИСТРАТИВНА ПРАВДА

Пристапот до административна правда е особено значаен за маргинализираните и ранливите групи граѓани (приматели на социјална помош, за лицата со попреченост, Ромите, самохраните родители, повозрасните граѓани и слично) кои честопати не се во можност да си ги остварат своите права. Причините за оваа неможност се лоцираат во недостигот од финансиски средства за водење одредена управна постапка или пак во неинформираноста за можноста за поднесување тужба пред Управен суд, во непознавањето на правните норми и законите и во недовербата во институциите пред кои овие граѓани имаат законско право да ги остварат загарантираните слободи и права.

Имајќи го предвид погоренаведеното, како и одржаните средби со граѓаните преку организирање фокус-групи и слични трибини и дадената бесплатна правна помош, Институтот за човекови права утврди потреба од следење на јавните расправи пред Управниот суд.

Како предмет на анализа и следење беа одбрани јавните расправи кои се однесуваат на социјалните права, како што се: правото на остварување старосна пензија, семејна пензија, надоместот за лекување во странство, надоместот за набавени лекови, детскиот додаток, надоместокот за помош и нега од друго лице и други основи.

**<u>Од следените јавни расправи може да се констатира дека:</u>**

Граѓаните многу често не се запознаени со постапките за остварување одредени социјални права пред јавните органи. Ова се однесува на постапките чиј основ е надоместот за набавени лекови и надоместот за лекување во странство. Граѓаните не знаат за постапката која треба да се помине со цел да се добие конзилијарно мислење за лекување во странство. Слична е ситуацијата и со пресметката на старосната пензија, посебно во поглед на формулата за пресметување, којашто е премногу комплицирана и неразбирлива за граѓаните.

Управниот суд многу често не го почитува начелото на судење во разумен рок, односно од следењето на јавните расправи пред Управниот суд можевме да констатираме дека има поднесено тужби и предмети кои се оформени уште во 2021 година, но се’ уште не се завршени.

Преку мониторингот беше забележано континуирано доцнење кај закажаните судења, односно непочитување на закажаниот термин на судење поради доцнење со претходните закажани судења. Дел од факторите што влијаат на задоцнувањето е слабата екипираност на судскиот персонал и несоодветното раководење со предвиденото време за рочиште, а со цел поефикасно извршување на работните задачи. Сето ова придонесува за пролонгирање на закажаните термини кај јавните расправи во текот на денот и преклопување на рочиштата.

Во дел од предметите коишто повторно биле вратени на постапување пред Управниот суд се забележува дека управните органи не постапуваат по дадените напатствија од Управниот суд, дури и дека управните органи донеле управен акт со исто решение. Ова претставува сериозен проблем за граѓаните, затоа што доведува до пролонгирање во остварувањето на нивните права, а бидејќи се работи за социјални права, тие можат да бидат клучни за подобрување на состојбата во која се наоѓаат од егзистенционален, социјален или здравствен аспект.

Од континуираното следење на јавните расправи може да се константира дека тужениот орган не присуствувал на поголем дел од закажаните расправи и дека во повеќетослучаи изостанокот не бил однапред најавен или оправдан. Секако дека Судот и во таков случај можел да постапува и да расправа по предметот, но сепак, тежината на Судот е да ги процени фактите и доказите кои тужениот орган ги приложил. Дополнително, се добива впечаток за незаинтересираност на управните органи да присуствуваат на закажаните рочишта, а потоа, по завршување на предметот, често пати поднесуваат жалби против одлуките на Управниот суд.

Во дел од следените јавни расправи може да се констатира дека тужителите не ангажираат свој застапник, од причина што истите се приматели на социјална помош или пак затоа што немаат никакви или имаат минимални месечни примања и не се во финасиска можност да ги платат адвокатските трошоци за целосната управна постапка. Исто така, граѓаните не се запознаени со можностите што ги нуди Законот за бесплатна правнна помош и дека Министерството за правда може да им одобри назначување адвокат кој ќе ги застапува во управната постапка или во спор, доколку ги исполнат условите предвидени во посочениот закон.

Управниот суд не ја употребува практиката на Европскиот суд за човекови права и воспоставените принципи кои се однесуваат на административната правда при водењето постапки и при одлучувањето.

Од следењето на јавните расправи пред Управниот суд може да се констатира дека е потребна поголема едукација на граѓаните за тоа како можат да си ги остварат социјалните права пред управните органи и пред Управниот суд. Дополнително, потребно е почитување на закажаните термини за расправите, со цел да се запази начелото на ефикасност, а особено поради специфичната здравствена состојбата на граѓаните – тужители, имајќи превид дека се работи за маргинализирани и ранливи групи граѓани. Активното учество на јавните органи пред Управниот суд е особено важно, со цел навремено и комплетно доставување на потребните списи и доследна примена на одредбите од Законот за општата управна постапка и Законот за управните спорови.

Европскиот суд за човекови права, во 2023 год. донесе пресуда – С.Б. против Северна Македонија, во која утврди повреда на член 1 од Протокол 7 од Европската конвенција за човекови права, кој ги уредува процедуралните гаранции во случај на протерување странци.

Предметот се однесува на лице под меѓународна заштита, за кое е утврдено дека претставува опасност по националната безбедност, поради што државата му ја прекинала заштитата. Судот утврдил дека одлуката се засновала на класифицирана белешка во која е наведено дека лицето е опасно по националната безбедност, а судовите се ограничиле на чисто формално испитување на оспорената одлука. Жалителката, како што утврдил Судот, не била во можност соодветно да го презентира својот случај во последователните судски постапки, поради тоа што немала преглед на фактите што служеле како основа за донесување на одлуката за напуштање на тужената држава. Дополнително, Вишиот управен суд ја засновал својата одлука на сосем различно наоѓање, согласно со Извештајот за Косово, а не единствено поради тоа што жалителката претставувала опасност по безбедноста. Со тоа Судот утврдил дека жалителката немала можност да го оспори ваквото ново тврдење на Вишиот управен суд, како последна инстанца, што претставува дополнителна повреда.

# ПРОГРАМА ЗА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ НА ИНСТИТУТОТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

Институтот за човекови права веќе трета година ја спроведува Програмата за бесплатна правна помош, чија цел е да им овозможи пристап до правда и до загарантирани слободи и права на сите граѓани, со посебен фокус на маргинализираните групи граѓани.

Цел на програмата е да се обезбеди примарна правна помош за сите граѓани во Република Северна Македонија, да промовира еднаков пристап до правда за сите, без дискриминација, и првенствено да им помогне на маргинализираните групи граѓани, со цел да можат да ги осознаат правата што ги имаат, но и да даде одговор на кој начин можат да ги остварат тие права пред државните институции.

Практиката покажува дека продолжува позитивниот тренд од 2022 година, односно и во 2023 година се намалени прашањата што се однесуваат на опфатот на бесплатната правна помош и што претставува истата. Ова укажува на фактот дека граѓаните, во поголем дел, се запознаени со бесплатната правна помош и на кој начин можат да ја остварат, при што остануваат само непознати прашањата во кои области таа може да се примени, како и прашањата што произлегуваат од секојдневните проблеми на граѓаните.

Во изминатиов период Институтот за човекови права овозможи примарна правна помош во 49 случаи во кои е дадена општа правна информација или општ правен совет.

Согласно со Законот за бесплатна правна помош опсегот на примарната правна помош се состои од:

- иницијален правен совет за правото на користење бесплатна правна помош,
- општа правна информација,
- општ правен совет,
- помош при комплетирање на барањето за секундарна правна помош,
- помош при пополнувањето формулари, обрасци издадени од управен орган во управна постапка за социјална заштита и за заштита на правата на децата; пензиско, инвалидско и здравствено осигурување; заштита на жртви на родово базирано насилство и семејно насилство; постапка за упис во матична книга на родени; стекнување со документи за лична идентификација и државјанство,
- составување претставки до Комисијата за заштита од дискриминација и до Народниот правобранител и барања за заштита на слободи и права до Уставниот суд на Република Северна Македонија.

Од погоренаведеново може да се констатира дека граѓаните најчесто имаат потреба од општа правна информација и/или општ правен совет, додека останатите можности за помош при пополнување обрасци и формулари, составување претставки до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, до Народниот правобранител и барања за заштита на слободите и правата до Уставниот суд не се толку актуелни. Ова може да биде резултат на фактот дека на граѓаните најчесто им е потребна информација или правен совет како да решат одреден правен проблем кој не е поврзан со обраќање до горенаведените институции.

Во прилог се прикажани основите по кои е дадена примарна правна помош:

| Основи за побарана примарна правна помош | Број на дадени општи правни информации и совети |
|---|---|
| Каде може да се побара бесплатна правна помош и што е бесплатна правна помош? | 6 |
| Заштита на човекови права и постапка пред Европскиот суд за човекови права во Стразбур | 6 |
| Социјални права (права од здравствено и пензиско осигурување, надоместоци, право на инвалидска пензија, здравствена заштита и сл) | 12 |
| Спорови од имотно-правен карактер (физичка делба, доживотна издршка, купопродажба, наследување, раскинување договори, утврдување право на сопственост и сл) | 9 |
| Заштита од дискриминација (по различни основи) | 2 |
| Работни односи (неисплатени плати, евидентирање стаж и сл) | 1 |
| Прашања од кривична област | 4 |
| Прашања поврзани со прекршочна постапка | 1 |
| Потрошувачко право | 1 |
| Други права (вештачење, достава на писмена, постапување на адвокат и сл.) | 6 |
| Прашања поврзани со постапка за извршување | 1 |

Во 2022 година граѓаните најчесто се обраќале до Институтот за човекови права преку официјалниот меил на Институтот, преку социјалниот медиум Facebook и на телефонскиот број од Институтот. Најголем дел од прашањата што беа упатени до ИЧП се однесуваа на остварувањето на социјалните права и тоа по однос на правата од здравствено и пензиско осигурување, како што се: признавање на условите за стекнување инвалидска пензија, надоместоците за телесен инвалидитет, во случај на смрт на член од потесно семејство и нега од друго лице, признавање пензиски стаж, како и пријавување и постапување во случаи на несовесно лекување.

Од анализата на останатите прашања кои беа упатени до Институтот за човекови права може да се забележи дека голем дел од нив се однесуваат на барања за општа правна информација и/или правен совет во спорови од имотно-правен карактер и тоа за физичка делба, утврдување сопственост, како и оспорување договори за купопродажба и за доживотна издршка. Оваа година се забележува пораст во однос на прашањата што се однесуваат на заштита на човековите слободи и права и на прашањата поврзани со поднесување жалба пред Европскиот суд за човекови права во Стразбур.

# 2 ЕДНАКВОСТ И НЕДИСКРИМИНАЦИЈА

Со Законот за спречување и заштита од дискриминација Комисијата доби нови и проширени надлежности во однос на работата и надлежностите што беа предвидени со претходниот Закон за заштита од дискриминација. Комисијата е составена од седум члена, кои ги избира Собранието на Република Северна Македонија. Членовите се избираат во транспарентна постапка, која опфаќа јавен оглас објавен од Собранието и задолжително спроведување јавна расправа. Членовите на Комисијата се избираат со мандат од пет години, со право на уште еден последователен реизбор. Сегашниот состав на Комисијата е избран на 25 јануари 2021 година и брои само пет члена, бидејќи во текот на 2022 година еден член поднесе оставка, од лични причини, по поднесена оставката од друг член, во 2021 година. Оваа состојба сериозно го отежна нормалното функционирање на телото, создавајќи ризик од пролонгирање на роковите за одлучување во период кога Комисијата е многу актуелна во јавноста и добива значително поголем број предмети. Дополнително, во февруари 2024 година мандатите на уште двајца членови ќе истечат, со што би можела дополнително да се блокира работата на Комисијата. Во 2023 година, Собранието објави јавен оглас[1] за избор на четири члена од Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, и тоа за три члена со мандат од пет години, и за еден член со мандат од една година два месеца и осум дена. На огласот беа пријавени 25 кандидати. На закажаната седница на Комисијата за прашања на изборите и именувањата, на која се расправаше за Утврдување предлог-листа за избор на членови на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, учествуваа и граѓански организации кои имаа можност и директно да поставуваат прашања до кандидатите.Сепак, изборот на членовите наиде на низа реакции од јавноста, особено затоа што двајца членови тесно се поврзуваа со политички партии, додека на избраната кандидатка којашто доаѓа од граѓанскиот сектор и е доделен најкраткиот мандадат, без никакво соодветно и правно објаснување за истото. При постапката за избор на членови на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација се направени и други пропусти. Со оглед на тоа дека кандидатите треба да имаат 5 години искуство во областана дискриминацијата, а 7 години во областа на човековите права, очигледно е дека оваа одредба многу широко се толкува.

Граѓаните ја ставаат политичката припадност и националноста/етничката припадност на врвот на листата на причини за дискриминација и најмногу веруваат дека дискриминацијата се јавува во областа на вработувањето, што е видливо од националните репрезентативни анкети.[2] Фактот дека политичката и етничката припадност се сметаат за главни или најчести причини за дискриминација е показател за политичката и етничката поларизација на македонското општество. Анкетите, исто така, укажуваат на релативно ниска свест и знаење за реалноста на дискриминацијата.

Интерсекциската дискриминација е дефинирана како потешка форма на дискриминација во новиот Закон за антидискриминација. Сепак, интерсекционалноста не е препознаена во процесот на развивање политики.

1 https://www.sobranie.mk/javen-oglas-za-izbor-na-clenovi-na-komisijata-za-sprecuvanje-i-zashtita-od-diskriminacija.nspx

2 Барометар на еднакви можности 2023 година, Достапно на: https://kszd.mk/%D1%81%D0%B5%D0%BA%D0%BE%D1%98-%D1%82%D1%80%D0%B5%D1%82-%D0%B3%D1%80%D0%B0%D1%93%D0%B0%D0%BD%D0%B8%D0%BD-%D0%B1%D0%B8%D0%BB-%D0%B4%D0%B8%D1%81%D0%BA%D1%80%D0%B8%D0%BC%D0%B8%D0%BD%D0%B8%D1%80/
Истражување на пристап до правда, Институт за човекови права, 2022, Достапно на: https://www.ihr.org.mk/storage/app/media/Проекти/2022%20-%20ПРИСТАП%20ДО%20ПРАВДА%203А%20СИТЕ/Anketa_Pristap%20do%20pravda.pdf

# 3 ПРАВА НА СПЕЦИФИЧНИ ГРУПИ

# ЖЕНИ

Во 2022 година Министерството за труд и социјална политика предложи нов Закон за родова еднаквост[3] со цел да се подобри сегашниот пристап за вклучување на родовите аспекти во главните политики. Овој нов закон требаше да го замени Законот за еднакви можности помеѓу мажите и жените. Сепак, предло- законот не беше поддржан и не беше донесен во Собранието и се‘ уште е во консултативна процедура. Законот беше предмет на негативни напади од јавноста, пред се‘ со реторики предводени од Македонската православна црква и анти-родовото движење, кои тврдеа дека Законот за родова еднаквост ги оспорува традиционалните родови улоги и воведува несакана „родова идеологија“.

Предложениот Закон за родова еднаквост нуди сеопфатна рамка за промоција и интеграција на родовата еднаквост, но, за жал, неговата содржина не беше добро образложена и доближена до јавноста. За жал, антиродовите теории и лажните информации во врска со текстот на законот преовладуваа во медиумите.

Во насока на имплементација на Истанбулската конвенција изменети се и се усогласени неколку закони со Конвенцијата, и тоа: Закон за социјална заштита, Кривичен законик и Закон за образование.

Собранието изгласа измени на Кривичниот законик, во февруари 2023 година, кои имаа за цел усогласување со обврските од Истанбулската конвенција. Беа изменети различни членови и беа воведени нови одредби, приспособувајќи ги постојните правни концепти и воведувајќи нови.

Амандманите опфаќаат неколку клучни измени, во насока на усогласеност со Истамбулската конвенција. Дефиницијата за семејно насилство е ревидирана, за да може да се усогласи со стандардите на Истанбулската конвенција, опфаќајќи го насилството врз ЛГБТИ лицата и проширувајќи ја дефиницијата со психолошко и економско насилство - како форми на семејно насилство кое може да се јави, покрај физичкото и сексуалното насилство. Исто така, направени се промени во дефинициите за сексуален напад и силување, нагласувајќи ја важноста на јасното отсуство на согласност и експлицитното криминализирање на силувањето на сегашниот или претходниот сопружник или интимен партнер. Воведена е и нова дефиниција за родово засновано насилство, во согласност со Истанбулската конвенција. Другите промени ги вклучуваат осакатувањето на женските гениталии - како кривично дело и утврдувањето на демнењето, исто така како кривично дело. Воведено е и ново кривично дело - сексуално вознемирување. Отежнувачка околност кај овие дела е ако жртвата е зависна од сторителот или е посебно ранлива поради возраст, болест, попреченост, зависност од дрога, бременост или поради постоење потешка физичка или ментална попреченост.

Сепак, во практиката услугите за жртвите на родово базирано насилство треба да се прошират и потребен е соодветен буџет за да се исполнат стандардите на Истанбулската конвенција, вклучително и пристапот за жените со попреченост, како и почитувањето на различните културни, етнички и религиозни фактори при пријавувањето насилство. Недостигаат јасни меѓуинституционални протоколи помеѓу полицијата и здравствените работници и капацитети за соодветни мерки.

Бесплатна правна помош за жртвите се обезбедува најмногу преку граѓанските организации. Во Центрите за социјална работа треба да се обезбеди психо-социјална поддршка. Сепак, се обезбедува само почетна поддршка, но не и долгорочно или специјализирано советување. Услугите и мерките за поддршка при вработување не се развиени на начин што ги прави прилагодливи на индивидуал-

3 Предлог Закон за родова еднаквост, https://ener.gov.mk/Default.aspx?item=pub_regulation&subitem=view_reg_detail&itemid=75591

ните потреби на жртвите. Жртвите на семејно насислтво се дел од целните групи на оперативните планови и активните мерки за вработување во државата. Но, ова е можност само за жените - жртви на семејно насилство и само за жртвите кои се регистрирани во Агенцијата за вработување како активни баратели на работа. Овие политики не го покриваат неактивното население, составено претежно од жени. Понатаму, Законот за социјална заштита не ги признава жртвите на родово засновано насилство како посебна категорија со право на гарантиран минимален приход.

Случаите на семејно насилство, во руралните средини, не се доволно пријавувани поради недостаток од информации и недостаток од услуги за поддршка. Понатаму, постојните родови стереотипи, особено присутни во руралните средини, влијаат на перцепцијата дека семејното насилство сѐ уште е приватна работа и придонесува за негово недоволно пријавување.

Што се однесува до специјализираните услуги главно прашање останува географската дистрибуција на шелтер центрите, бидејќи повеќето центри се лоцирани во неколку поголеми градови и се недостапни за жените од руралните области, а не се приспособени кон потребите на ранливите групи жени.

# ЛИЦА СО ПОПРЕЧЕНОСТ

Државата работи на вклучувањето на децата со попреченост во редовните училишта и во предучилишните установи. Меѓутоа, за жал, лицата со попреченост се‘ уште се третирани преку медицински модел. Моделот на имплементација на политики, заснован на човекови права, не е целосно имплементиран. И покрај подобрувањата во законската рамка, акцијата за обезбедување еднаков пристап до образование за децата со попреченост е во рана фаза и во практиката има многу прашања што треба да се разгледаат.

Измените на Изборниот законик, направени во септември 2021 година, укажуваат дека избирачкото право се задржува само на лица чија деловна способност, со извршна судска одлука, е целосно одземена , или чија деловна способност, со извршна судска одлука е делумно одземена кога судот утврдил дека лицето нема капацитет да ја изрази својата волја на правно релевантен начин - на избори.

Според Уставот и според Изборниот законик избирачкото право на граѓаните може да се одземе со судска одлука заради интелектуална или психосоцијална попреченост, што е во спротивност со меѓународните обврски и стандарди.

Во 2023 година започна процес на измени на Изборниот законик, но прашањето за измените на овие членови не беше истакнато. Институтот за човекови права, преку работна група, поднесе предлог-измени, но за нивно целосно имплементирање ќе биде неопходно да се направат и соодветни измени на Уставот. Институтот за човекови права, во соработка со здружението „Инклузива", поднесоа и предлог-измени на Законот за политички партии, за да се овозможи полесно и самостојно вклучување на лицата со попреченост во изборниот процес, како активни чинители.

За соодветно планирање и имплементирање на политиките коишто ги засегаат лицата со попреченост неопходни се и соодветни разделени податоци. Долгоочекуваниот Попис, што се одржа во 2022 година, беше одлична можност да се надмине проблемот со отсуството на релевантни статистички податоци за бројот на лицата со попреченост. Отсуството на расчленети податоци за состојбата на попреченост, возраст, пол, етничка припадност, религија итн., има негативно влијание врз креирањето соодветни политики и врз распределбата на соодветни буџети за спроведување на политиките. Народниот правобранител, заедно со граѓанските организации кои се дел

од независниот механизам за мониторинг, до Државниот завод за статистика, доставија мислење, во кое се констатирани забелешки во однос на прашањата од пописните списоци коишто се однесуваа на лицата со попреченост, со цел нивна промена во согласност со мноштвото прашања од Вашингтонската група, што е во согласност со Конвенцијата за правата на лицата со попреченост и со стандардите на Обединетите нации. И покрај интервенциите, методологијата за управување со пописот, односно пописните прашања, не беа сменети, со што остана нерешен проблемот на немањето соодветни податоци за лицата со пореченост.

Во 2023 година е донесена и Национална стратегија за правата на лицата со попреченост, за периодот 2023-2030 година[4]. Цел на оваа стратегија е унапредување, заштита и комплетно уживање на сите човекови права и слободи за лицата со попреченост, на еднакви основи со останатите граѓани, како и унапредување на почитувањето и нивниот дигнитет. Во 2023 година е донесен и Закон за систем за проценка на лицата со попреченост.[5]

# РОМИ

Воведени се измени во Законот за матична евиденција кои треба да обезбедат институционално-правна заштита за Ромите, а особено нивните деца конечно да добијат граѓански идентитет и државјанство. Со овој закон се исполнуваат и меѓународно прифатените обврски за граѓанска евиденција и издавање документи, прифатени со Конвенцијата за намалување на лицата без државјанството во Обединетите нации, со што на секое дете, родено на територијата на Република Северна Македонија, веднаш, а најдоцна во рок од 45 дена од денот на раѓањето,, без оглед на државјанството и личната состојба на неговите родители се запишува во книгата на родени.Пристапот до здравствени услуги за жените Ромки останува проблем. Намалениот пристап до услуги за репродуктивно здравје ги остава Ромките во особено ранлива ситуација.

Криминалот од омраза и говорот на омраза кон Ромите остануваат. Според неодамнешното истражување Ромите, во огромно мнозинство, го перцепираат системот како неправеден. Факторите што придонесуваат за ова вклучуваат широко распространето етничко профилирање, како и рутинско застрашувачко, насилно и расно навредливо однесување од страна на полицајците во средби со Роми.[6] Нема систематски мерки за решавање на проблемот со децата на улица.

Сегрегацијата останува проблем во основните училишта.За проблемот со сегрегацијата во основните училишта во Штип и Битола не е најдено соодветно решение ниту во 2023 година.

Имено, пресудата „Елмазова и други против Северна Македонија“[7] на Европскиот суд за човекови права, донесена во 2022 година, кој се однесува на сегрегација на ученици Роми во две основни училишта - „Ѓеорги Сугарев“ од Битола и „Гоце Делчев“ од Штип.

Во ОУ „Ѓорѓи Сугарев“, во 2020 година, 83,5% од учениците биле Роми. Во училиштето „Тодор Ангелески“, во истата општина и во непосредна близина на населбата Баир, која е претежно населена со Ромско население, 95,1% од учениците биле етнички Македонци. Во претходните неколку години 58 барања за запишувања ученици во „Тодор Ангелсеки“ биле од ученици кои припаѓале во „Ѓорги Сугарев“ според одлуката за реонизација. Освен три барања, кои биле поднесени од

4 Национална стратегија за правата на лицата со попреченост, https://ener.gov.mk/Default.aspx?item=pub_regulation&subitem=view_reg_detail&itemid=75591
5 Закон за системот на проценка на лица со попреченост, 209/2023 од 05.10.2023
6 http://www.errc.org/uploads/upload_en/file/5459_file1_justice-denied-roma-in-the-criminal-justice-system-of-north-macedonia.pdf
7 Elmazova v. North Macedonia, App.No.11811/20 and 13550/20

Роми, сите останатите биле поднесени од етнички Македонци- - и сите биле одобрени. Во учебната 2021-2022 година секое дете запишано во ОУ „Ѓорѓи Сугарев“ било од ромско потекло.

Во ОУ „Гоце Делчев“ во Штип во учебната 2018-2019 година, учениците Роми сочинувале 67% , а некои паралелки од прво одделение биле составени само од Роми (100% од учениците).

Во 2015 и 2016 година извештаите од Народниот правобранител[8], потврдени и во извештајот подготвен од Институтот за човекови права, а поддржан од Европскиот центар за правата на Ромите (ЕРРЦ)[9], утврдија дека постоела сегрегација во двете наведени училишта („Ѓорги Сугарев“ и „Гоце Делчев“) во голема мера поради одбивањето на родителите од етничките Македонци да ги запишат своите деца во училишта со претежно ученици Роми. Во 2018 година група родители Роми и деца од училиштето „Ѓорги Сугарев“ поднеле барање за заштита на слободите и правата пред Уставниот суд, како жртви на сегрегација и дискриминација во остварувањето на правото на образование. Иако судот заклучил дека „децата во областа Баир посетуваат две етнички поделени училишта“, ја отфрлил жалбата и одбил да утврди дека учениците од ОУ „Ѓорги Сугарев“ доживеале различен или нееднаков третман во остварувањето на правото на образование.

Исто така, кон крајот на 2018 година, група родители Роми и деца од ОУ „Гоце Делчев“ поднеле слично барање пред Уставниот суд во кое се наведува дека поради сегрегација и дискриминација немаат исти можности како учениците не-Роми во нивното понатамошно образование, вработување и интеграција во општеството. Судот и во овој случај одбил да утврди дека сегрегираните ученици биле третирани поинаку од учениците во мешаните паралелки.

Во 2021 и 2022 година ЕРРЦ поднесе преставки до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација во врска со сегрегација на учениците Роми во ОУ „Ѓорги Сугарев“. и Гоце Делчев“. за учебната 2021/2022 година. Тие резултирале со позитивни одлуки, во кои Комисијата утврдила дека дискриминацијата е системски проблем во образовниот систем во овие области и ги потврдила долгорочните негативни последици што сегрегацијата може да ги има врз децата. Комисијата издаде општа препорака до релевантните државни и локални власти, како и до администрацијата од засегнатите училишта, за обезбедување построга и поконзистентна примена на одлуките за реонизација кои би ја намалиле сегрегацијата на Ромите.[10]

Европскиот суд за човекови права, во 2023 година, донесе пресуда за случајот „Мемедова и другите против Северна Македонија“[11] со која утврди дека на четири лица, граѓани на С. Македонија, припадници на ромска етничка заедница, им било повредено правото на слобода на движење и забрана за дискриминација од страна на граничните служби. Овие четири лица се жртви на незаконската практика, која ја применувало Министерството за внатрешни работи во период од 2011 до 2016 година, со која на лицата од ромската етничка заедница честопати им бил забрануван излез од државата, без законска основа и на начин со кој се повредува нивното човеково достоинство.

Потпирајќи се на член 2 од Протоколот бр. 4 (Слобода на движење), земен засебно и во врска со член 14 (Забрана за дискриминација), жалителите пред Судот поднеле жалба дека нивното право

8 Извештај на Народен правобранител за 2015 год. Достапен на: https://ombudsman.mk/CMS/Upload/NarodenPravobranitel/upload/Godisni%20izvestai/GI-2015/GI_2015-za_pecat.pdf

9 Џенифер Џеладин и Кристина Дода, Истражување за сегрегација на Ромите во образовниот процес, Институтот за човекови права, 2016 год. Достапно на: https://www.ihr.org.mk/storage/app/media/Publications/%D0%98%D1%81%D1%82%D1%80%D0%B0%D0%B6%D1%83%D0%B2%D0%B0%D1%9A%D0%B5%20%D1%81%D0%B5%D0%B3%D1%80%D0%B5%D0%B3%D0%B0%D1%86%D0%B8%D1%98%D0%B0%20%D0%BD%D0%B0%20%D1%83%D1%87%D0%B5%D0%BD%D0%B8%D1%86%D0%B8%20%D0%A0%D0%BE%D0%BC%D0%B8%20%D0%B2%D0%BE%20%D0%BE%D1%81%D0%BD%D0%BE%D0%B2%D0%BD%D0%BE%20%D0%BE%D0%B1%D1%80%D0%B0%D0%B7%D0%BE%D0%B2%D0%B0%D0%BD%D0%B8%D0%B5%20%20%D0%B2%D0%BE%20%D0%A0.%20%D0%9C%D0%B0%D0%BA%D0%B5%D0%B4%D0%BE%D0%BD%D0%B8%D1%98%D0%B0_%D0%9C%D0%9A.pdf

10 Мислење на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, Достапно на: https://kszd.mk/%D0%B4%D0%BE%D0%BD%D0%B5%D1%81%D0%B5%D0%BD%D0%B0-%D0%BE%D0%BF%D1%88%D1%82%D0%B0-%D0%BF%D1%80%D0%B5%D0%BF%D0%BE%D1%80%D0%B0%D0%BA%D0%B0-%D0%B7%D0%B0-%D0%B4%D0%B5%D1%81%D0%B5%D0%B3%D1%80%D0%B5%D0%B3/

11 Memedova and others v. North Macedonia, Applications nos. 42429/16

да ја напуштат земјата било прекршено и дека биле издвоени од граничните полицајци поради нивната ромска етничка припадност.

Во пресудата Судот утврдил дека граничните службеници не им дозволиле на лицата од ромска националност да ја напуштат територијата на тужената држава, со цел да спречат истите да станат потенцијални баратели на азил во Европската унија. Таквото постапување несомнено претставува мешање во нивното право на слобода на движење, и истото, во одредени случаи, може да се смета за оправдано, но наметнувањето  таква мерка, без никакво разгледување на индивидуалните околности на жалителите, не може да се окарактеризира како неопходно во едно демократско општество.

Дополнително, Судот утврдил дека на жалителите не им било дозволено да ја напуштат територијата на тужената држава , исклучиво поради нивната ромска етничка припадност, па поради тоа тие биле дискриминирани од  граничните полицајци. Во одлуката е забележано дека за презементите дејствија од  службениците и органите за гранична контрола, домшаните власти и судови не дале објективно и разумно оправдување за различниот третман на кој биле подложени жалителите кои тогаш биле на границата. Дискриминаторските практики биле очигледни, без оглед на индивидуалните околности на жалитлите.

# ЛГБТИ

Со новиот Закон за спречување и заштита од дискриминација, како и според Кривичниот законик постои  законска рамка која штити од дискриминација и од криминал поради омраза врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет.

Сексуалната ориентација е под заштитени основи  во Законот за бегалци и има објавено ново упатство за политика за барањата за азил на ЛГБТИ. Сепак, говорот на омраза и криминалот од омраза против ЛГБТИК+ останува главен проблем, и покрај бројот на извештаи од граѓанските организации кои го следат говорот на омраза и обезбедуваат бесплатна правна помош за жртвите на говорот на омраза, како и за потенцијалните дела на омраза, спроведувањето на законот изостанува во практика. Во отсуство на судска практика и пресуди за говор на омраза, има широко распространет хомофобичен и трансфобичен говор, особено на интернет.

Северна Македонија напредуваше во 2023 година на ILGA Rainbow Map и е рангирана на 32 од 49 земји.[12] Забележан е значителен напредок во слободата на здружување и собирање, што ги одразува подобрувањата на безбедноста на јавните ЛГБТИ настани.

Сегашната законска рамка сѐ уште не дозволува официјално признавање на истополовите двојки.

Правосудните органи немаат решено ниту едно од претходните дела на злосторства од омраза против ЛГБТИ од Центарот за поддршка. Во 2023 година е донесена само една правосилна пресуда против сторител, за физички напад врз ЛГБТИ+ активист, мотивиран од неговата сексуална ориентација. Насилникот е осуден на шест месеци затвор.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација донесе неколку позитивни одлуки за дискриминација заради сексуална ориентација и/или родов идентитет, најмногу во медиумите.

Националниот акциски план за ЛГБТ ИК за 2021-2025 година не е усвоен и во 2023 година.

12 https://www.ilga-europe.org/report/rainbow-europe-2023/

По пресудата на Европскиот суд за човекови права Власта подготви измени на Законот за матична евиденција, за да се спроведе законска процедура за признавање на полот. Сепак, во март 2022 година предлог-законот беше повлечен од собраниска процедура, за дополнителни измени проследени со истото антиродово движење, како и со Законот за родова еднаквост.

# ЕСЧП - СЛУЧАЈ „ Д.Х. И ДРУГИ“

Европскиот суд за човекови права, во 2023 година, донесе пресуда „Д.Х. и други“ против Северна Македонија[13] со која утврди дека државата ги изложила сексуалните работници на нехуман и понижувачки третман додека биле лишени од слобода во полициска станица, оставени цела ноќ без храна, вода и пристап до тоалет. Исто така, Судот утврди повреда на правото на приватност поради објавата на фотографии од жртвите на веб страната на Министерството за внатрешни работи, без да биде прикриен нивниот идентитет и ја задолжи државата да им исплати износ од 13.300 евра за претрпените повреди и неефикасната заштита на нивните права пред домашните судови.

Случајот се однесува на нехуман и понижувачки третман на кој биле изложени жалителите додека биле во полициски притвор, откако биле уапсени како дел од голема група сексуални работници. Конкретно, случајот се однесува на условите при нивниот притвор, на нивното фотографирање и објавување фотографии и видеа со нив, како и на недостатокот на образаложени причини во пресудите на националните судови.

Потпирајќи се на членовите 3 (Забрана за нечовечко или понижувачко постапување), 6 § 1 (Право на правично судење) и 8 (Право на почитување на приватниот и семејниот живот) од Европската конвенција, жалителите пред Судот истакнале дека биле задржани во повеќечасовен притвор; дека не им била дадена храна, вода или соодветна медицинска нега; како и дека немале пристап до тоалет; а нивните фотографии биле објавени од МВР и дека нивната крв била тестирана за проверка од сексуално преносливи болести.

Оваа пресуда е потврда дека државата има обврска да ги почитува правата на сите и со темелна и ефикасна истрага да ги испита наводите за нехумано и понижувачко постапување, особено кога истите доаѓаат од ранлива група граѓани. Како што утврдил и Судот, жртвите лишени од слобода, во ситуација кога единствено се под контрола на властите, е одговорност на Државата, а според Судот Владата не презентирала доволно докази кои убедливо докажуваат дека полициските власти ги земале предвид основните потреби на жалителите, вклучувајќи го и обезбедувањето храна, вода и пристап до тоалет за време на престојот во полициската станица. Дополнително, објавувањето на фотографиите направени во полициската станица, на веб страницата на Министерството за внатрешни работи, од кои може да се утврди идентитетот на жртвите, претставува повреда на правото на приватен живот.

Покрај обврската на надлежните институции навремено да ја спроведат одлуката на Европскиот суд за човекови права, постои и обврската за ја надомест штета за претрпените повреди и неефикасната заштита на правата на жалителите пред домашните судови. Дополнително, во иднина се очекува да се преземат мерки институциите, особено Министерството за внатрешни работи, да се воздржат од повторување на дејствијата со кои се повредуваат правата на сексуалните работници, како и од надлежните судови да се води сметка за ефикасна заштита на нивните права, имајќи ја предвид горенаведната пресуда.

13 Предлог Закон за родова еднаквост, https://ener.gov.mk/Default.aspx?item=pub_regulation&subitem=view_reg_detail&itemid=75591

# 4 ПРАВО НА ЗДРАВА ЖИВОТНА СРЕДИНА

Недостасуваат сеопфатни и точни податоци за загадувачите и за изворите на загадување, а недостасува и интегриран пристап за решавање на еколошките прашања, особено во управувањето со водните ресурси и со отпадот и нивното влијание врз различните ранливи групи.

Недостига функционална координација меѓу локалното и националното ниво за прашања од областа на животната средина. Недостасуваат и веродостојни податоци за проценка на влијанието на загадувањето на воздухот врз здравјето на луѓето и животната средина. Потребно е и да се дизајнираат соодветни активности за да се ублажат негативните влијанија. Стапката на смртност, која се припишува од загадувањето на воздухот, не се следи систематски. Недостига мониторинг на квалитетот на воздухот во руралните места.

Пристапот до правдата за заштита на животната средина, како човеково право, е многу ограничен. Постои недостиг на знаење, капацитет и експертиза во владините органи, судството и во независните тела за правна заштита за промовирање и спроведување ефективен пристап до правдата за прашања од областа на животната средина. Кај Академијата за судии и јавни обвинители недостигаат обуки за еколошка правда.

Граѓанската организација Здружение на Млади правници[14] поднесе жалба до Граѓанскиот суд, барајќи од Судот да утврди дека Владата на Република Северна Македонија, Министерството за животна средина и просторно планирање и градот Скопје не презеле ефективни мерки за намалување на концентрациите на РМ2. 5 и ПМ10 честички во воздухот и следствено биле во спротивност со правото на здравје, правото на здрава животна средина, правото на приватност на личниот и семејниот живот и правото на неповредливост на домот. Кривични пријави се поднесени и против одредени носители на јавни функции за пропуштање или за неизвршување дејствија за заштита на животната средина.

Наведениве случаи беа отфрлени од Судот.

Во слични еколошки спорови за дивата депонија во Струга, судот од Струга два пати донел решение со кое тужбата ја отфрлил затоа што т се прогласил за ненадлежен да одлучува во врска со депонијата, односно поради непостоење реална (судска) надлежност. .

И во двата случаи ваква одлука судот донел по одржани повеќе рочишта,, при што, со увид на лице место се изведени докази, иако обврска на судот е да го оцени прашањето за уредноста на тужбата во почетната фаза на прелиминарно испитување на тужбата.

Постои ниско ниво на учество на граѓаните, нетранспарентност и вклученост при одлучувањето за концесиските дозволи. Граѓаните најчесто се жалат дека не добиваат соодветни информации и не се консултирани за процесите за издавање дозволи за концесии кои се во непосредна близина на нивните места на живеење.

Министерството за животна средина и просторно планирање е клучна институција во ставањето на располагање и во обезбедувањето отворен и лесен пристап до информации за животната средина. Иако имаше напори да се подобри комуникацијата со јавноста за прашањата поврзани со животната средина, информациите сѐ уште се даваат на начин кој е премногу технички, што придонесува јавноста да не може да ги разбере, а поврзаноста со здравјето и безбедноста на луѓето не се експлицитно презентирани.

14 https://myla.org.mk/pravo-na-zivotna-sredina/

